Република Северна Македонија
Министерство за правда

Uslugi
gov.mk

Совет за ИКТ во правосудните органи

# Издавање потврда од казнена евиденција за физички лица

## ОСНОВНИ СУДОВИ

Упатство за издавање на
**Потврда од казнена евиденција за физички лица**
преку Националниот Портал за е-услуги

Пристапувате на линкот uslugi.gov.mk - Националниот портал за е-услуги, преку вашиот мобилен телефон, таблет или компјутер.



За да почнете со постапката треба да направите **корисничкi профил**.

Граѓаните кои имаат **профил на УЈП**, можат да ги користат постоечките податоци за да се логираат на платформата, а останатите можат бесплатно да се регистрираат.

По регистрација постапката е едноставна, се логирате на платформата uslugi.gov.mk и во менито за Е-услуга избирате:

Пронајди услуга ➡ Правосудство и човекови права ➡ Правен систем




Ќе ги поминете најразличните услуги, се додека не ја најдете
**Издавање потврда од казнена евиденција за физички лица.**

Преку копчето Аплицирај влезете во формата за издавање на потврдата и изберете јазик.

Во барањето внесувате неколку податоци како:

Институција каде аплицирате (Основниот суд од местото на раѓање),
името на Татко и Мајка,
Државјанство и
Цел на потврдата.

На крај пред испраќање на податоци до судот кој ја издава Потврдата од казнена евиденција, следи плаќањето кое чини **320 ден.**